РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 05-2035/10
Скопје 09. 05. 2019 год

Врз основа на член 142 став 6 и член 162 од Законот за јавни ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17, 83/2018, 24/2019 и 64/2019") и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), по овластување на министерот за правда заменик Министерот за правда Оливер Ристовски донесе

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда

1. За најповолна понуда согласно критериумите дефинирани во техничката и тендерската документација за спорведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги - услуги за печатење за потребите на Министерството за правда се избира понудата на :

**„ Друштво за продукција,маркетинг,дизајн,промет и услуги АРБЕРИА-ДЕСИГН ДООЕЛ експорт-импорт Тетово "**

2. Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука.

3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерството за правда врз основа на спроведената постапка со барање за прибирање на понуди согласно член 100 став 3 алинеја 2 од Законот за јавни набавки, по разгледување на доставените 2 (две) понуди од страна на 2 (двајца) економски оператори и спроведената електронска аукција од страна на 2 (двајца) економски оператори преку ЕСЈН одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одлучено во Министерството за правда под број 05-2035/10 на 09. 05. 2019 2019 година.

Правна поука: Против одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето до Државна комисијата за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија преку Комисијата на јавни набавки на договорниот орган.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА

По овластување на Министер за правда
Заменик Министер
Оливер Ристовски

Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки бр. 05- 2035/8 од 03..05.2019 година
Подготвил: Насер Ќамили, Самостоен референт за јавни набавки
Контролирал: Маја Стефковска Панева, Раководител на одделение